ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
-Државен инспекторат за локална самоуправа-
ул.„Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на Службен гласник

Во прилог Ви доставуваме Службен гласник на Општина Валандово бр.12 од 2026 година.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Валандово
Ѓоко Камчев

Изработил: С.Димитров
Контролирал: Е.Фидански
Одобрил: С.Христова Јовановиќ

Службен гласник
на Општина Валандово

Број 12 06.11.2026, петок

www.valandovo.gov.mk

СОДРЖИНА

Градоначаник на Општина Валандово

Совет на Општина Валандово:

1. **Решение** за објавување на Одлука за доделување на награди и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември"..... 2
2. **Одлука** за доделување на награди и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември".....2
3. **Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово.....2
4. **Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово.....3

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за доделување на награди и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември”

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за доделување на награди и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември”, што Советот на Општина Валандово ја донесе на шеснаесеттата редовна седница, одржана на ден 06.11.2026 година.

Бр.09-1281/2 Градоначалник
06.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 21 став 1 точка 44, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на шеснаесеттата редовна седница, одржана на ден 06.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за доделување награда и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември“

Член 1

Со оваа Одлука се доделува награда и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември“ за 2026 година и тоа:

<u>Награда во форма на плакета на</u>

Културно уметничко друштво „Гоце Делчев” Валандово – највисоко општинско признание по повод 80 години од негово постоење и непрекинатата посветеност на македонската култура, традиција и зачувување на фолклорното наследство.

<u>Признание во форма на диплома на</u>

1. Викторија Петкова - признание за посебен придонес во областа на спортот;
2. Волонтери од Црвениот крст Валандово – признание за посветеност, хуманост, општествена одговорност и активен придонес кон заедницата;
3. ЖФК ПОБЕДА 16 – признание за посебен придонес во областа на спортот со свое 10 годишно постоење;
4. Драмско студио „ВАЛ АРТ” Валандово – признание за посебен придонес, развој и афирмација на уметноста во Општина Валандово;
5. Никола Узунов – признание за постигнати успеси во областа на младинскиот спорт;
6. Здружение Фестивал Хдрлезни – Пролетни Веселби ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ, с.Чалакли, Валандово – признание за посебен придонес во областа на културата;
7. Христијан Божинов – признание за постигнати успеси во областа на музичките дејности;
8. Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово – признание за постигнати резултати во областа на фудбалот и успешна промоција и афирмација на спортот во Валандово.
9. КМФ „ПРОЕКТ ” с.Јосифово, Валандово – признание за постигнати резултати во областа на футсалот и успешна промоција и афирмација на спортот во Валандово;
10. ФАЈБЕР – СОЛУШНС ДООЕЛ Валандово – признание за придонес и посветеност во областа на општествената одговорност и поддршката на заедницата;
11. Андреј Мишков – признание за остварени резултати во областа на спортот – карате.
12. Медине Бериша – признание за освоено прво место на државен натпревар на училишта од земјоделска, шумарска и ветеринарна струка во дисциплина заштита на растенијата;
13. Мамут Мамутов - признание за освоено прво место на државен натпревар на училишта од земјоделска, шумарска и ветеринарна струка во дисциплина вешто возење;
14. Али Алиев - признание за освоено прво место на државен натпревар на училишта од земјоделска, шумарска и ветеринарна струка во дисциплина размножување на растенија;
15. Берфин Осман - признание за освоено прво место на државен натпревар на училишта од земјоделска, шумарска и ветеринарна струка во дисциплина органско прозиводство.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена и во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-201/3 Совет на Општина Валандово
06.11.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на шеснаесеттата редовна седница, одржана на ден 06.11.2026 година.

Бр.09-1281/3
06.11.2026 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Сл.Весник на РСМ” бр.202/24), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на шеснаесеттата редовна седница одржана на ден 06.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово

Член 1

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 50.000,00 денари, финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за подмирување на организациони и технички трошоци за реализација на јубилејниот концерт по повод 80 години постоење кој ќе се одржи на ден 06.11.2026 година во Фестивалската сала „Јанко Узунов” Валандово.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463 – трансфери до невладини организации, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на КУД „Гоце Делчев“ Валандово со ЕДБ: 4003986102284 на трансакциска сметка бр.200000003002627 депонент Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-201/2
06.11.2026 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова